florozon
center for environmental democracy

Влада на Република Северна Македонија

# ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-ОТПАДОТ

## Проект „Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“



florozon
center for environmental democracy

Влада на Република Северна Македонија

# ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-ОТПАДОТ

## Проект „Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“

Скопје, 2020

Документ за предлог политики за управување со КОВИД – отпадот во Република Северна Македонија

Проект: „Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“

Проектот се спроведува со финансиска поддршка на Владата на Република Северна Македонија преку Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID – 19 кризата.

Автор:

Билјана Матевска

Odобрил:

Претседател на Центар за Еколошка Демократија Флорозон

Кирил Ристовски

Скопје, 2020

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“ и се спроведува со финансиска поддршка на Владата на Република Северна Македонија преку Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID – 19 кризата.

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 5
2. Меѓународни политики за управување со КОВИД-отпадот ........ 5
3. Регионални политики за управување со КОВИД-отпадот........ 6
4. Национални политики за управување со КОВИД-отпадот ........ 8
5. ЗАКЛУЧОК........ 11
6. Препораки и мерки за управување со КОВИД-отпадот ........ 13

# 1. ВОВЕД

Пандемијата од КОВИД-19 значително го намали загадувањето на воздухот и нивото на бучавата, ја подобри биолошката разновидност и имаше генерално позитивно влијание врз животната средина. Сепак, ограниченото движење на луѓето и превентивните мерки допринесоа кон предизвици врз управувањето со отпадот. Пандемијата и владините политики за спречување на ширењето на коронавирусот предизвикаа глобална економска рецесија, истовремено создавајќи нов тип отпад и тоа во огромни количини. Овој отпад воглавно е составен од лична заштитна опрема, која во најголем процент е изработена од пластични материјали и пластика за еднократна употреба. Употребата на заштитната опрема (маски, ракавици, визири и сл.), не само што континуирано ја зголемува количината на потенцијално контаминираниот КОВИД-отпад, туку ја менува и просечната густина на отпадот. Генерирањето дополнителен отпад во време на КОВИД-19 пандемијата, има негативен импакт врз животната средина и јавното здравство низ целиот свет, а особено во земјите во развој.

Безбедното управување со цврстиот отпад предизвикува голема загриженост, особено во земјите во развој, каде што безбедната и одржлива практика за управување со отпадот, генерално е на ниско ниво. Тековниот брз наплив на медицинскиот отпад (кој се генерира во здравствените установи), но и потенцијално контаминираниот отпад (кој се генерира од граѓаните и домовите), како резултат на пандемијата од КОВИД-19, дополнително го влошува проблемот и постои непосредна закана дека влијанието на небезбедното отстранување на КОВИД-отпадот ќе се рефлектира како дополнително загадување на животната средина. Небезбедното отстранување на потенцијално контаминираниот отпад не само што ја загадува животната средина, туку води кон ширење на заразни болести (КОВИД-19, хепатитис, ХИВ/СИДА, колера, тифус и респираторни компликации), кои главно се предизвикани од повторна употреба на заштитната опрема[1].

Земјите во развој на кои веќе им недостига соодветна практика за управување со отпад заради технички, практични, и/или финансиски ограничувања, се во голема мера дополнително погодени со предизвикот за управување на отпадот во време на пандемијата. Услугите за собирање на отпадот значително се отежнати поради недостатокот на работници, паралалено со зголемувањето на количината на отпад која се генерира од домаќинствата. Ситуацијата е таква што земјите во развој истовремено се борат против ширење на вирусот од КОВИД-19, намалувајќи ги ризиците кои се однесуваат на животната средина и здравјето на луѓето. Предизвикот за безбедно управување со КОВИД-отпадот и со ризиците кои произлегуваат од истиот, неретко ги надминува расположливите капацитети (човечки, технолошки и финасиски).

Управувањето со отпадот за време на пандемија, покрај пропишаните „нормални" протоколи, изискува дополнителни специфични мерки на претпазливост и спроведливи практични операции со кои ризикот за ширење на вирусот ќе биде сведен на минимум.

# 2. Меѓународни политики за управување со КОВИД-отпадот

Обединетите нации преку програмата за животна средина имаат развиено практични информации, препораки и водич за управување со медицинскиот КОВИД-19 отпад и со цврстиот отпад генериран од домаќинствата, кој е составен и од личната заштитна опрема за КОВИД-19, која се генерира во секое домаќинство. Искористените маски и ракавици и други заштитни средства се потенцијален пренесувач на вирусот и поради тоа треба да се третираат со дополнителна претпазливост. Несоодветното и неадекватното управување со овој отпад може да има сериозни последици врз јавното здравје и врз животната средина.

1 СЗО 2018

Државите кои имаат развиени резервни планови за управување со отпадот во вонредни состојби, досега се покажале како доста корисни и при управувањето со отпадот за време на КОВИД-19 пандемијата. Предизвикот е значително поголем кај оние држави кои немаат резервни планови и стратегии во случаи на непредвидени вонредни состојби. Тоа дополнително укажува на степенот на развој на политиките на национално ниво и оттука, се препорачува итно усвојување на стратегии и планови за управување со отпадот за време на епидемија/пандемија.

Позитивната нота за оваа ситуација во глобални рамки е што владите навремено го детектираа ново-настанатиот проблем и предизвик со кој треба да се соочат и започнаа да ги следат постојното законодавство и регулативи за управување со заразниот отпад од медицинските установи и домаќинствата. Понатаму, некои влади продолжија да воведуваат нови политики и упатства за управување со КОВИД-отпадот, размислувајќи и за потребните дополнителни капацитети и ресурси. Покрај тоа, владите кои немаат свои политики или упатствата презедоа активности за операционализирање на меѓународни регулативи и упатства издадени од различни агенции, вклучувајќи ги Светската Здравствена Организација, Програмата за животна средина при ОН, ОН-Хабитат, Светска Банка и други агенции на ООН, како и други меѓународни организации како што се ADB (Asian Development Bank) и ISWA (International Solid Waste Association).

## 3. Регионални политики за управување со КОВИД-отпадот

Во рамките на ЕУ, проблемот со соодветно управување со КОВИД-отпадот е детектиран и преземени се мерки уште при самиот почеток на пандемијата. *„Во оваа невидена криза, работиме со Земјите-членки и операторите со отпад низ ЕУ за решавање на предизвикот за обезбедување високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и животната средина. Правилното управување со отпадот е дел од основните услуги кои ја поткрепуваат благосостојбата на нашите граѓани испорачани од бројни компании кои се занимаваат со отпад и одржување на циркуларната економија.“* – ЕУ Комесар Вирџиниј Синкевичиус.

Правилното управување со отпадот е дел од основните услуги за нашето општество. Секој жител генерира скоро половина тон комунален отпад годишно во ЕУ во просек, што значи дека секоја седмица се создава повеќе од 20 кг комунален отпад по домаќинство. Вкупното годишно создавање отпад во ЕУ изнесува 5 тони по глава на жител. Спречувањето на несоодветното управување со отпадот, вклучувајќи одделно собирање и рециклирање, е клучен за здравјето и безбедноста на граѓаните, за животната средина и за економијата. Земјите-членки и операторите со отпад низ ЕУ вложуваат постојани напори да обезбедат континуитет во активностите за управување со отпадот, вклучително и одделно собирање и рециклирање, кои се од суштинско значење за кружната економија. Овие напори честопати вклучуваат соодветна реакција при недостигот на персонал, обезбедувањето дополнителна безбедност при работа, безбедно ракување со отпадот од домаќинствата од граѓани кои се разболеле од коронавирус (или живеат со разболен), сè во насока на непречено движење на отпадот, од собирање до рециклирање или друг третман.

Регулативата за отпад во ЕУ препознава дека заштитата на здравјето на луѓето е од суштинско значење во контекст на управувањето со отпадот и дека постојат одредени флексибилности за да се одговори на идентификуваните ризици по здравјето на луѓето. Во текот на оваа невидена криза, земјите-членки и операторите со отпад низ ЕУ макотрпно работат за решавање на предизвикот за обезбедување високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и животната средина.

Засновано на консултација со експерти од земјите-членки за отпад и клучните засегнати страни во областа на управувањето со отпадот и совети од Европскиот центар за спречување и

контрола на болести (European Center for Disease Prevention and Control - ECDC), службите на Комисијата на ЕУ издадоа посебни совети за третман на отпадот во контекст на пандемијата.

Со оглед на важноста на правилното управување со отпадот за зачувување на здравјето на луѓето и животната средина и земајќи ги предвид проценките на ризиците извршени од научни тела, како и применливите мерки за управувањето со овие ризици, потребно е обезбедување на континуитет на услугите за управување со комуналниот отпад, вклучително и одделно собирање и рециклирање, во согласност со законодавството на ЕУ.

Превенцијата на проблемите при одделното собирање на отпадот е од круцијално значење, со цел да се осигура дека инфраструктурата за собирање и третман на отпадот не е преоптоварена, создавајќи дополнителни здравствени ризици. Одделното собирање е исто така суштинско за зачувување на траекторијата кон кружната економија, односно на работните места и деловните субјекти кои зависат од секундарно снабдување со суровини.

Согласно член 13 од Директивата 2008/98/ЕС за отпад, практиките за собирање отпад можат да се прилагодат во контекст на кризата од коронавирусот со цел да се заштити јавното здравје. Сите такви измени треба да бидат во согласност со европската регулатива за отпад, да бидат неопходни и пропорционални за да се заштити човековото здравје, особено ограничувајќи ги на области и временски периоди строго неопходни за да се одговори на идентификуваниот ризик заснован на најновите научни совети. Понатаму, треба да се залага за одржување на главната цел на одделно собирање и рециклирање во согласност со хиерархијата на отпадот.

Европскиот центар за спречување и контрола на болести ја препознава потребата од воведување специфични мерки во врска со превенција и контрола на инфекции кај сомнителни или потврдени случаи на коронавирус, кои се во домашна изолација. Пациентите треба да имаат посебни кеси за отпад во нивната просторија за искористената заштитна опрема (маски за лице или друг отпад), која задолжително треба да се оддели од преостанатиот отпад од домаќинството.

Главните препораки кои ги дава Европскиот центар за спречување и контрола на болести се:

- Посебна кеса во просторијата на пациентите кои се на домашно лекување за КОВИД-отпадот од заштитната опрема;
- Марамчињата, маските, ракавиците или било која друга опрема која што ја користел пациентот, треба да биде фрлена во посебната кеса која е во просторијата на пациентот.
- Заштитната опрема која ја користело лицето кое води грижа за пациентот, по употребата треба да се фрли во друга кеса, која ќе биде на излезот од просторијата каде што е пациентот.
- Кесите со КОВИД-отпад треба добро да се затворат, пред да се изнесат од собата на пациентот и редовно да се менуваат. Никогаш не треба да се празнат и претураат во други кеси за отпад.
- Кесите со КОВИД-отпад треба да се стават во поголема чиста кеса, која добро ќе се затвори и да се одложи со останатиот отпад. Не е потребно дополнително одвојување на отпадот.
- Откако ќе се заврши постапката со одлагање на КОВИД-отпадот, задолжително е детално и длабинско миење на рацете.

Во случај поради недостаток на персонал да се резултира со намалена услуга, земјите-членки треба да обезбедат континуитет и доволна фреквенција на собирање на отпадот и био-отпадот со цел да се спречат какви било непосредни ризици по јавната безбедност и здравје. Врз основа на проценката на ваквите ризици, фреквенцијата на собирање суви рециклирачки материјали може привремено да се прилагоди, но не и да се запре.

Во контекст на кризата со коронавирусот, уште поважно е граѓаните добро да го одделат својот отпад за да се обезбеди рециклирање, односно соодветен третман на отпадот од домаќинствата. Граѓаните треба да бидат информирани за какви било привремени промени

во практиките за собирање отпад што влијаат на начинот на кој тие испорачуваат отпад за собирање и понатамошно третирање.

Европската Комисија континуирано ќе врши мониторинг на земјите-членки и операторите во однос на КОВИД-отпадот и ги повикува на одговор на кризата од коронавирусот преку соодветното управување со овој тип одпад.

## 4. Национални политики за управување со КОВИД-отпадот

Во Република Северна Македонија со одлука на Владата од 45 - тата седница која стапува на сила од 23.04.2020, сите граѓани мора да носат лична заштитна опрема за носот и устата која може да биде: респираторна маска, хируршка маска за една употреба, текстилна памучна маска, марама, шал, бандана и слично. Оваа одлука се однесуваше на затворени простории.

Понатаму, Владата на Република Северна Македонија на 11-та седница на 13.10.2020 ги разгледа препораките на Комисијата за заразни болести за задолжително носење заштитни маски или заштитна опрема (бандана, шал или друг вид прекривка на носот и устата), секаде при престој на отворено, на затворено во јавни објекти, на работно место и во јавен и приватен транспорт, со исклучоците кои опфаќаат спортување на отворен простор и на затворено со почитување на протоколите за заштита, при транспорт со приватно моторно возило ако сите лица во возилото се од едно семејство или живеат во заедничко домаќинство, во угостителските објекти со почитување на протоколите за дистанца и дезинфекција, при престој во службена просторија – канцеларија ако лицето е само во просторијата, како и за децата до 6 години, односно за деца од претшколска возраст;

Со оваа одлука, се зголеми потрошувачката на заштитните маски, бидејќи речиси постојано треба да се носат. Повеќекратните маски (изработени од текстилни материјали) не претставуваат ризик по здравјето на граѓаните и по загадувањето на околината (доколку се третираат соодветно), меѓутоа еднократните хируршки маски се тие кое бараат поинаков третман при одлагањето.

Маските кои ги користат здравствените работници во болниците при третман на заболените од КОВИД-19 се медицински отпад и тие се третираат согласно прописите за одлагање на медицински отпад.

Маските кои ги користат лицата кои се на домашно лекување или во изолација, поради нивната контаминација треба да се третираат како медицински отпад, меѓутоа во моментов не постои механизам со кој ќе се третираат како таков.

Двата типа маски (тие кои се употребуваат во болнички услови и тие кои се употребуваат при домашно лекување/изолација) се biohazard, бидејќи се „заразни", односно можат да го пренесат вирусот на лицето кое ќе стапи во контакт со истите.

Еднократните хируршки маски кои се користат за секојдневна употреба се потенцјално „заразни" и голема е веројатноста дека при нивното одлагање ќе стапат во контакт со трети лица, како неформалните собирачи на отпад, вработените во јавните комунални претпријатија, граѓаните итн.

Генералниот проблем во Република Северна Македонија е што КОВИД-отпадот не е воопшто дел од регулативата која е поврзана со управувањето со отпадот и недостасуваат јавни препораки и насоки наменети за граѓаните.

Задолженијата за одговорноста при спроведувањето на регулативата поврзана со управување со отпадот се поделени помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и другите органи на централната управа, како и во владините и општинските установи.

Надлежен орган за спроведувањето на законската регулатива за управување со отпадот во РС Македонија е Министертството за животна средина и просторно планирање, преку

секторот за отпад. Секторот за управување со отпад ги  остварува целите и приоритетите во делот на  отпадот, што произлегуваат од стратешките и планските документи, учествува во процесот на целосно транспонирање на правото на ЕУ во националното законодавство, но и на локалано ниво и обезбедува висок степен на интегрирано управување со отпадот во Република Северна Македонија.

Во националното законодавство со Законот за животна средина, кој е рамковен Закон, се поставени основите за заштита на медиумите и областите на животната средина и се уредуваат сите заеднички прашања. Од 2004 година до денес, донесени се посебни прописи со кои се уредува заштитата на медиумите и областите од животната средина (отпад, природа, вода, воздух, бучава, генетски модифицирани организми) и имајќи го предвид значењето на климатските промени и државата пристапи кон усогласување на законодавството со ЕУ.

Законот за управување со отпадот го регулираат начелата и целите за управување со отпад, плановите и програмите за управување со отпадот; правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот; барањата и обврските на правните и физичките лица кои произведуваат производи и пакувања и коишто на крајот на животниот циклус ја оптоваруваат животната средина; начинот и условите под коишто може да се врши собирање, транспортирање, третман, складирање, преработка и отстранување на отпадот; увозот, извозот и транзитот на отпадот; мониторингот; информативниот систем; финансирањето и надзорот над управувањето со отпадот.

Кон член 16 од Законот за управување со отпадот, став (1) Владата на Република Македонија, по предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува Стратегија за управување со отпадот.

Стратегијата за управување со отпад ја одразува националната политика во доменот на управување со отпадот и претставува основа за подготвување и за спроведување на интегриран систем за управување со отпадот, кој ќе биде ефективен во однос на трошоците. Националната стратегија за управување со отпад (2008-2020) е подлошката за подготовка и спроведување на Националниот и регионалните планови за управување со отпад, со која се дефинира основната насока за на управувањето со отпад.

Главните приоритети утврдени со стратегијата се:

- Решавање на проблемите со отпадот на местото каде се создаваат;
- Селекција на различните видови на отпад;
- Користење на отпадот како замена за необновливите природни ресурси;
- Интегрирана мрежа на постројки за третман и отстранување на отпад;
- Инфраструктура за управување со опасен отпад;
- Рационално и еколошки свесно користење на почвите и земјите;
- Затворање и санирање на постојните диви и нестандардни депонии;

Со Националната стратегија за управување со отпад се воведува концептот на интегрирано управување со отпад на регионално ниво. Воспоставување на регионални структури за поуспешна координација на активностите за управување со отпад од името на општините членки беше клучна препорака од поранешниот Национален план за управување со отпадот (2009- 2015).

Овој план се протега уште четири години по завршувањето на сегашната стратегија. Оттаму, ја користи можноста за воведување на понови концепти кои се користат во ЕУ за управување со отпадот и ресурсите како што е, на пример, „циркуларната економија“, кои ќе бидат вклучени во следната верзија на Националната стратегија за управување со отпадот (2020-2032).

Кон член 17 од Законот за управување со отпадот, регулиран е планот за управување со отпадот на Република Северна Македонија. Во моментот овој документ - Националениот план за управување со отпад на Република Македонија 2020 – 2026, е во фаза на подготовка

и отворен за консултација. Врз основа на овој документ, ќе се носат и регионаллните планови и програми за управување со отпадот.

Кон член 18-а, од Законот за управување со отпадот, се регулираат регионалните планови, кои се носат од страна на Советите на општините и советот на градот Скопје кои се однесуваат на упавување со отпад за регионот за управување утврдени со Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија и се донесуваат за период од десет години.

Исто така, постојат и Програми за управување со отпадот, а се однесуваат кон реализација на Планот на Република Северна Македонија за управување со отпадот. Со овие програми, меѓу другото се регулираат мерките и активностите за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот.

Националната стратегија за управување ќе се ревидира за да го опфати периодот од 2020 до 2032, и ќе се ревидира во 2026 год. Овој национален план за управување со отпад ќе се изготви пред 2024 за да се планира за периодот 2024-2030, а регионалните планови за управување со отпад ќе бидат одделно ревидирани 6 години откога ќе бидат усвоени. Општинските прогрми за управување со отпад ќе се ревидираат на секои 2 години, а програмите за управување со комерцијалниот отпад ќе се ревидираат на секои 3 години.

Во ниту еден стратешки документ (од горенаведените) на централно и на локално ниво во Република Северна Македонија, не постојат резервни мерки и планови за управување со отпад во случај на епидемија или пандемија. Имајќи предвид дека развиените држави од самиот почеток на кризата со коронавирусот ја детектираа ургентноста од импелментација на дополнителни мерки за намалување на ширењето на вирусот од потенцијално контаминираниот отпад, претставува јасен показател дека властите мора во најбрз можен рок да делуваат, како на национално, така и на локално ниво. Доколку за изработка на Националната стратегија за управување со отпадот се потребни уште три или четири години, во тој случај, потребно е воведување мерки за управување со КОВИД-отпадот во Националниот план за управување со отпад на Република Северна Македонија 2020 – 2026. Оттука, преку мерките во Националниот план, директно ќе се влијае на Регионалните планови и Програми за управување со отпадот, така што ќе се опфати територијата на целата држава

## 5. ЗАКЛУЧОК

Центарот за еколошка демократија Флорозон ја препозна потребата да се делува во оваа насока и во Јули 2020 и во рамки на проектот „Биди одговорен за себе и за твојата животна средина и во услови на пандемија" набави 75 посебни корпи наменети исклучиво за КОВИД-отпадот. Во соработка со неколку ланци маркети во државата (Тинекс, Кипер, Атва и Елида), организацијата постави корпи во неколку градови во државата (Скопје, Охрид, Струга, Кичево, Куманово и Тетово). Исто така, со потпишаните Меморандуми за соработка со локалните јавни комунални претпријатија, се изврши соодветна обука за вработените во комуналните претпријатија, со цел да се информираат за локациите на општинските контејнери во кои ќе се одлагаат кесите од корпите со КОВИД-отпадот, за нивен безбеден понатамошен третман.

Ваквата меѓу-секторска соработка во која заеднички делуваат бизнис и јавниот сектор, се покажува како ефикасен начин на справување со КОВИД-отпадот. Сепак, лимитираните ресурси не дозволија оваа практика да биде имплементирана во пошироки размери. Проблемот постои и со текот на времето истиот добива на обем и комплексност при решавањето и оттука, потребни се итни мерки.

Асоцијацијата на даватели на комунални услуги - АДКОМ е невладина непрофитна организација која ги здружува Јавните комунални претпријатија во Република Северна Македонија, го идентификува проблемот со КОВИД-отпадот, кој не се генерира од медицинските установи (бидејќи тој се третира како медицински отпад), туку тој од домаќинствата и центрите во кои се згрижуваа граѓаните кои беа под карантин. Несоодветното постапување со овој инфективен отпад може да има негативни последици врз јавното здравје, особено врз маргиналните и ранливи групи. Исто така, комуналните работници, кои се во „првите борбени редови", се изложени на ризик од зараза и поради тоа мора да се преземат дополнителни превентивни заштитни мерки.

Препораките кои ги предложува АДКОМ се:

- Вреќите со отпадоци не смее да се оставаат отворени: граѓаните треба да ги користат специјалните кеси што се затвораат со врвка, или едноставно да ги врзат и затворат херметички кесите со отпад, колку што е можно.
- Капакот на контејнерот мора да се затвори по отстранување на отпадот, за да се спречи контакт или разнесување од улични животни. Кесите со отпад не смее да се оставаат надвор од контејнерите, односно околу нив. Во случај контејнерот да е веќе полн, треба да се побара друг контејнер, или да се чува кесата со отпад дома - до наредното подигање на отпадот од комуналното претпријатие.
- При отворање и затворање на контејнерите мора да се носат ракавици.
- Домаќинствата продолжуваат со рециклирање како порано. Притоа средствата за заштита - ракавици, марамчиња за дезинфекција, маски, средства за дезинфекција, итн. не се рециклираат и треба да се стават во кеса за обичен отпад.
- Додека трае пандемијата, да се избегнуваат работи во домот што произведуваат дополнителни количини отпад, како што се различни поправки, чистење на остави, подруми и слично.
- Постапување со отпад од карантин и суспектни случаи во самоизолација:
- Отпадот привремено не се рециклира, за да се заштитат работниците кои го собираат и сортираат овој отпад.
- Кесите за отпад се полнат до 2/3 од својот волумен, цврсто се врзуваат и се ставаат во втора кеса која исто така цврсто се затвора. Двете кеси мора да бидат цврсти и отпорни на оштетувања, а во случај кога кесите се од тенок и неотпорен материјал, се користи и трета кеса.
- При затворање, врзување и отстранување на кесите во контејнер се користат ракавици кои потоа се фрлаат во кесата што се отвора за собирање на нов отпад.

Комуналните претпријатија мора да обезбедат непрекината услуга за собирање на отпадот и покрај мерките за ограничено движење. Работниците што имаат контакт со отпадот треба да придонесат да се намали опасноста за ширење на заразата, бидејќи тие се втори по важност веднаш после здравствените работници. Затоа Комуналните претпријатија мора да превземат мерки за заштита на својот персонал и строго да се придржуваат до хигиенските норми. Овие мерки вклучуваат:

- Често менување на работната и заштитната облека и задолжително носење на маски и ракавици;
- Менување на заштитните ракавици во случај на нивно оштетување;
- Дезинфекција на камините за собирање на отпадот;
- Одржување на дистанца помеѓу работниците (>1m);
- Избегнување на групирање на работниците во заедничките простории.

Министерството за животна средина и просторно планирање изработи упатства со цел граѓаните и комуналните претпријатија да се прилагодат на новите услови во текот на пандемијата и да преземат мерки за зачувување на своето и здравјето на другите. Препораките кои ги дава МЖСПП се:

- Личниот отпад (како хартиени марамчиња, крпи за чистење за еднократна употреба, маски или ракавици) се одлагаат безбедно во вреќи за отпад за еднократна употреба!
- Вреќите наполнети најмногу до 2/3 од нивниот капацитет, спакувани во втора вреќа и убаво затворени, се безбедни за одлагање во вообичаениот контејнер за отпадоци од домаќинството. Другиот отпад од домаќинствата се отстранува на вообичаен начин.
- Дополнително укажување за постапување со отпад од заштитна опрема.
- Потребно е носење на заштитна опрема на комуналните работиници, односно сите собирачи на отпад и применување на претходно изнесената процедура за отстранување на заштитната опрема од страна на сите лица кои ја користат во рамки на своето работење.[2]

Досегашните активности поврзани со управувањето со КОВИД-отпадот, како и препораките од страна на централната власт, не се доволни за соодветно информирање на јавноста и истите не се обрзувачки. Со оглед на фактот дека заштитните маски ќе останат дел од нашето секојдневие уште долг период, потребно е системско пристапување кон намалувањето на потенцијалното ширење на коронавирусот, преку регулирање на ова прашање во политиките поврзани со управување со отпадот. Оттука, се предложуваат низа препораки и мерки за управување со КОВИД-отпадот во насока на спречување на понатамошно ширење на коронавирусот

2 Препораки МЖСПП

## 6. Препораки и мерки за управување со КОВИД-отпадот

1. Воведување на категорија КОВИД-отпад во категорија ОПАСЕН ОТПАД во Националниот план за управување со отпадот 2020-2030;
2. Во опциии за управување со овој отпад во Националниот план за управување со отпадот 2020-2030 да се предвидат соодветни мерки за безбеден третман на КОВИД-отпадот;
3. Согласно Националниот план, мерките за управување со КОВИД-отпадот да се вклучат во Регионалните планови и Програми за управување со отпадот;
4. Во НПУО и НСУО, потребно е да се воведат резервни планови за непредвидени ситуации, кои треба да вклучуваат обезбедување на неопходни човечки ресурси и опрема, како и намалување на ризиците за работниците во локалната самоуправа, приватните компании и неформалните собирачи;
5. Во Регионалните планови и Програми да се обрне особено внимание за намалување на ризиците по здравјето на комуналните работници и неформалните собирачи на отпад;
6. Во случај на епидемија/пандемија, да постои можност за прилагодување на оперативните текови на управување со отпадот, со цел намалување на ризиците од ширење на заразата;
7. Задолжителна селекција и одвојување на употребената заштитна опрема од домаќинствата во посебни кеси наменети само за овој тип отпад;
8. Подигнување на свеста кај комуналните претпријатија за опасноста од КОВИД-отпадот;
9. Набавка на корпи наменети само за КОВИД-отпад од 70l волумен, кои ќе бидат поставени пред јавните институции, образовните институции, трговските центри, парковите, плоштадите и други јавни површини;
10. Набавка на корпи наменети само за КОВИД-отпад со волумен од 700-1000l, кои ќе бидат поставени на локациите каде што се поставени општинските контејнери за отпад од домаќинствата;
11. Покрај запазување на хигиенските норми, Комуналните претпријатија мора да имаат планови за вонредни состојби, за да се обезбеди континуитетот на услугата за собирање на отпадот. Овие планови треба да опфатат алтернативни рути и камиони во услови на намален број на персонал и исклучени камиони. Во некои европски земји, каде што е сериозно намален капацитетот на општинските претпријатија, се склучуваат договори и со приватни претпријатија.
12. Задолжителна обука на комуналните работници за одлагање на КОВИД-отпадот од специјалните корпи за таа намена и негов безбеден понатамошен третман;
13. Зголемен инспекциски надзор и глоби од најмалку 3000 МКД за физичко лице и 60.000 МКД за правно лице при неправилно одлагање на КОВИД-отпадот.
14. Интензивна јавна кампања за подигнување на свеста кај граѓаните за правилно одлагање на КОВИД-отпадот од домаќинствата.